РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 03-259/1
12.03 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

# НУ АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА

**Скопје, март 2021**

**Наративен извештај**

**<u>I Програмски активности</u>**

**Реализација на Годишната програма за работа**

Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија започна со реализација во јуни 2020 година поради задоцнетото потпишување на Договорите за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2020 година со Министерството за култура во областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно богатство (МК бр. 31-4851/1 од 16.04.2020, АМРСМ бр. 03-386/2 од 23.04.2020), во областа на заштитата на недвижното културно наследство (МК бр. 28-6074/1 од 12.05.2020, АМРСМ бр. 03-406/1 од 19.05.2020) и меѓународната дејност и соработка (МК бр. 33-4217/1 од 01.04.2020, АМРСМ бр. 03-377/1 од 10.04.2020). Програмата беше реализирана во согласност со динамиката и висината на финансиските средства добиени од Министерството за култура и Ревидирана Годишна програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2020 година (бр. 02-857/3 од 25.09.2020 година) донесена врз основа на Барање за известување од Министерството за култура (бр. 02-8891/1 од 15.09.2020 година).

**1. Музејска дејност и заштита на нематеријалното културно богатство:**

1.1. Палеолитско наоѓалиште Голема Пешт, с. Здуње

Раководител на проектот: м-р Љиљана Шаламанов Коробар, кустос советник; член на стручниот тим: Благоја Китановски, археолог.

Реализирани се преведените 50% од средствата (125.000 ден.) предвидени според Договор; детален финансиски и наративен извештај е доставен до Министерството за култура

1.2. Рекогносцирање и пробно сондирање на пештерите низ Република Северна Македонија

Раководител на проектот: м-р Љиљана Шаламанов Коробар, кустос советник; член на стручниот тим: Благоја Китановски, археолог.

Реализирани се преведените 50% од средствата (40.000 ден.) предвидени според Договор; детален финансиски и наративен извештај е доставен до Министерството за култура

1.3. Археолошки истражувања на некрополата лок. Градиште, с. Бучинци, Скопско

Побарани се средствата за реализација (150.000 ден.) согласно Договор во Спецификација на трошоци за месец ноември (во прилог), но не се добиени, така што проектот не е реализиран

1.4. Градиште, Неготино, Антигонеа, меѓународно археолошко истражување

Раководител на проектот: м-р Горан Санев, кустос советник; член на стручниот тим: Мила Шурбаноска, кустос советник.

Реализирани се преведените 50% од средствата (125.000 ден.) предвидени според Договор; детален финансиски и наративен извештај е доставен до Министерството за култура.

1.5. Археолошко истражување на Големо Градиште, Коњух, Кратово, доцноантички урбан центар во североисточна Македонија

Раководител на проектот: м-р Горан Санев, кустос советник; членови на стручниот тим: Михаил Стојаноски, кустос, Радомир Ивановиќ, кустос.

Реализирани се преведените 50% од средствата (125.000 ден.) предвидени според Договор; детален финансиски и наративен извештај е доставен до Министерството за култура. Вторите 50% од средствата (125.000 ден.) се пренаменети и потрошени за итни и неопходни потреби на установата (Одговор бр. 31-11632/3 од 27.11.2020, во прилог).

1.6. Археолошки истражувања на лок. Стакина Чешма-Бакновка

Раководител на проектот: Мила Шурбаноска, кустос советник; член на стручниот тим: Радомир Ивановиќ, кустос.

Реализирани се 150.000 ден. предвидени според Договор; детален финансиски и наративен извештај е доставен до Министерствот за култура. 100.000 ден. од средствата се пренаменети и потрошени за итни и неопходни потреби на установата (Одговор бр. 31-11632/3 од 27.11.2020, во прилог).